## Роберт Патаки – Биографија

Роберт Патаки е дипломиран економист на Универзитетот Корвинус во Будимпешта, а потоа ги завршил студиите за меѓународни финансии и маркетинг менаџмент на Универзитетот Ерасмус во Ротердам. Ја започнал својата кариера како аналитичар на инвестиции во Project Finance International Ltd, а потоа работел за Nutricia Netherlands BV во Ротердам како финансиски аналитичар. Потоа се вработил во Accenture (Andersen Consulting) каде работел за Стратешките услуги на Accenture најпрво како стратешки консултант, а подоцна како виши менаџер одговорен за секторите за телекомуникации и е-трговија. Својата професионална кариера ја продолжил во A.T. Kearney како назначен менаџер за конта за обезбедување на консултантски услуги на водечки унгарски телекомуникациски компании, а подоцна станал виши менаџер на европскиот телекомуникациски тим на A.T. Kearney одговорен за големи европски проекти од областа на мобилни комуникации и интернет услуги.

Тој беше Главен стратег на Маѓар Телеком од септември 2006 година и имаше извонредна улога во креирањето на новата организациска структура на компанијата и во изготвувањето на стратегијата за развој на МТ за периодот до 2010 година која служи како основа за новиот оперативен модел на компанијата.

На 1 април 2009 година, тој беше назначен за Главен оперативен директор на Деловната единица за алтернативни бизниси и корпоративен развој, истовремено извршувајќи задачи и како Главен стратег на Маѓар Телеком. Со неговото назначување, тој стана член на Менаџмент колегиумот на Маѓар Телеком.

Како резултат на организациските измени во рамките на компанијата, од 1 септември 2009 година работи како Главен директор за стратегија и корпоративен развој.

Освен тоа, тој е и член на Одборот на директори на Црногорски Телеком од мај 2010 година и е на позицијата Претседател на Одборот на директори на Црногорски Телеком од мај 2011 година.

Преведен од Лингва Експерт